Република Северна Македонија

**Инспекциски совет**

Арх. број: 03-483/2

Датум: ____________

До

[redacted]

**Предмет: Известување**

**Врска (Ваш број):**

Почитуван,

Ве известуваме дека со внимание го разгледавме Вашето Барање за пристап до информации од јавен карактер, наш бр. 03-483/1 од 13.05.2024 година, во кое Вие барате да Ви се достави во форма на електронски запис на посочената е-адреса ([redacted]) и фотокопија по пошта, следната информација:

1. На ден 29.01.2024 година до Инспекциски совет поднесов Жалба / Претставка по која и по повеќе од три месеци немам добиено одговор дали е постапено и како е одлучено. Бидејќи согласно Законот за постапување по претставки и предлози не добив одговор во законски определениот рок го користам правото до одговорот да дојдам согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Ве известуваме дека Вашето Барање не претставува барање за пристап до информации од јавен карактер, туку е барање од личен интерес. Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 101/2019) обезбедува остварување на јавен интерес, опишан и таксативно наброен во член 3 став 1 алинеја 7 и гласи: „Јавен интерес во остварувањето на правото на пристап до информации подразбира, но не се ограничува, на интерес за информации со чие што објавување...1.ќе се открие злоупотреба на службената положба и коруптивното однесување; 2.ќе се открие противправно стекнување или трошење на буџетски средства; 3.ќе се открие потенцијален судир на интереси; 4.ќе се спречат и откријат сериозни закани по здравјето и животот на луѓето; 5.ќе се спречи и открие загрозување на животната средина; 6. Ќе се помогне да се разбере прашањето за кое се креира јавна политика или се води парламентарна дебата и 7. Ќе се овозможи еднаков третман на секој граѓанин пред законите".

Законската дефиниција на "јавниот интерес" значи дека остварувањето на јавниот интерес подразбира остварување на интересот на пошироката заедница како целина, којшто има првенство пред индивидуалните потреби и права на поединците.

Искрено,

м-р Сашо Мержаноски,
Генерален секретар на Инспекциски совет

Подготвил/а: Андријана Алексова, советник

Проверил/а:Маја Срезоска, раководител на Сектор